РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
СУ- 07-69/23
27.01.2023 година
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONIS? S? VERIUT
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP
Agj- 07-69/23
viti 27.01.2023
SHKUP

Врз основа на чл. 43 ст.3 од Законот за судска служба („Сл. весник на РМ" бр. 43/14, 33/15,98/15,06/16,198/18,248/18 и „Сл. Весник на РСМ" бр. 235/22), Судскиот администратор на Основниот граѓански суд Скопје на ден 27.01.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за невршење избор за унапредување на кандидати за работно место бр.2 виш судски соработник – категорија В, ниво В-2, шифра СУД0101В02001 -3 (три) извршители по интерен оглас 2/22**

**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** за унапредување на кандидати за работно место бр.2 – виш судски соработник – категорија В, ниво В-2, шифра СУД0101В02001 -3 ( три) извршители по интерен оглас 2/22

## Образложение

На ден 21.12.2022 година Основниот граѓански суд Скопје објави интерен оглас број – 2/2022 за унапредување на 15 ( петнаесет) судски службеници, од кои 3 извршители за работното место со звање виш судски соработник – категорија В, ниво В-2, шифра СУД0101В02001.

Означениот оглас е објавен врз основа на дописот бр. 08-1286/7 од 15.12.2022 година, со кој Судскиот буџетски совет на РСМ издава согласност за унапредување на 15 извршители во Основниот граѓански суд Скопје, преку објавување на интерен оглас. Согласноста на Судскиот буџетски совет е издадена врз основа на Известувањето од Република Северна Македонија-Министерство за финансии бр. 18-11476/2 од 02.12.2022 година, според кое, за означените унапредувања во Основниот граѓански суд Скопје, во буџетот на Судската власт се обезбедени финансиски средства за фискалната 2022 година.

По спроведедена постапка за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување за работно место бр.2 – виш судски соработник – категорија В, ниво В-2, шифра СУД0101В02001 на ден 24.01.2023 година, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за унапредување за работно место бр.2 – виш судски соработник – категорија В, ниво В-2, шифра СУД0101В02001 -3 (три) извршители по интерен оглас 2/22, СУ-07-44/23 од 23.01.2023 година.

Согласно со чл. 43 ст.3 од Законот за судска служба („Сл. весник на РМ" бр. 43/14, 33/15,98/15,06/16,198/18,248/18 и „Сл. Весник на РСМ" бр. 235/22) предвидено е дека ако во рокот од ставот (1) на овој член судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, донесе одлука за невршење на избор, во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

Во конкретниот случај, согласноста за пополнување на огласените работни места преку интерен оглас се однесува за обезбедени финансиски средства за 2022 година. Со истекот на фискалната 2022 година престанува да важи добиената согласност за обезбедени финансиски средства. И покрај фактот што судот побара да се продолжи веќе дадената согласност и за тековната фискална 2023 година, таква согласност до истекот на законскиот рок од три дена за донесување на одлука за вршење на избор на кандидати за унапредување, пропишан со чл. 43 ст.1 од Законот за судска служба, не е добиена.

Во овие околности, судскиот администратор оцени дека постои законска пречка да се донесе одлука за избор на кандидати за унапредување, па раководејќи се од примената на чл. 43 ст.3 од Законот за судска служба одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**ХРИСТИНА ПАЛЧЕВСКА**